**20212253756**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА**

Врз основа на член 30 став (4) од Законот за меѓународна соработка во кривичната материја (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 77/21), министерот за правда донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ ЗА СИТЕ ПРАВОСИЛНИ КРИВИЧНИ ПРЕСУДИ ИЗРЕЧЕНИ НА СТРАНСКИ ДРЖАВЈАНИ КОИ СЕ ЗАВЕДЕНИ ВО КАЗНЕНАТА ЕВИДЕНЦИЈА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот за сите правосилни кривични пресуди изречени на странски државјани кои се заведени во казнената евиденција (во натамошниот текст: образецот).

Член 2

(1) Формата на образецот е унифицирана и истата преставува табеларен приказ во кој се внесуваат податоци за државата во која е донесена пресудата, идентитетот на осуденото лице и кривичната/ите пресуда/и.

(2) Содржината на образецот е составена од три дела:

- податоци за државата во која е донесена пресуда, надлежни органи кои ја донеле пресудата, лице за контакт и адреса за кореспонденција,
- податоци за идентитетот на осуденото лице и тоа: име и презиме, поранешно име/алиас, државјанство, пол, дата и место на раѓање, име на родителите, живеалиште, тип и број на документ за идентификација, односно матичен број на осуденото лице,
- податоци за кривичната пресуда и тоа: судот кој ја донел пресудата, датум на пресуда и датум на правосилност, кривичното дело за кое е осудено лицето, број на пресуда, применливо законодавство, датум на стапување на сила на пресудата, датум кога е/се извршено/и крвичното/ите дело/а, изречена санкција, податоци за извршувањето на делото и дали осудениот бил лишен од слобода.

(3) Образецот се печати на хартија со бела боја во А4 формат.

(4) Формата и содржината на образецот од членот 1 од овој правилник се дадени во прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 01-2533/1
14 септември 2021 година
Скопје

Министер за правда,
м-р **Бојан Маричиќ**, с.р.

Прилог: образец

| | |
|---|---|
| **I. Информации за држава во која е донесена пресуда** | |
| Држава: | Централен орган (централни органи): |
| Лице за контакт:<br><br>Телефон (со STD код):<br><br>Факс (со STD код):<br><br>Е-пошта: | Адреса за кореспонденција: |
| **II. Информации во врска со идентитетот на осуденото лице** | |
| Име: | Презиме: |
| Поранешно име(иња)/име(иња) по раѓање*: | Алиас*: |
| Државјанство: | Пол: М □ Ж □ |
| Датум на раѓање (со цифри: дд/мм/гггг): | Место на раѓање (град* и држава): |
| Име(иња) на родителот(ите)*: | |
| Живеалиште или позната адреса*: | Тип и број на документот за идентификација на лицето и/или матичен број* на лицето: |
| **III. Информации во врска со кривичната пресуда (кривичните пресуди):** | |
| Правосудство во кое е донесена пресуда: | Датум на пресуда (правосилна-конечна одлука): |
| Казниво дело (казниви дела): | Референтен број на пресуда (правосилна-конечна одлука): |
| Применливо законодавство*: | Датум на стапување на сила на пресуда (правосилна-конечна одлука): |
| Датум(и) на казнивото дело (казнивите дела): | Санкција(ии) и/или последователна мерка(и): |
| Информации за извршувањето* | Лишување од слобода: да/не* |